Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-523/3

17-10-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-523 од 18.7.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-523 од 18.7.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

### О б р а з л о ж е н и е

На 18.7.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против Алфа Телевизија, за извршена дискриминација врз основ на национална или етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беше образложено со кое дејствие подносителот бил дискриминиран и недостасуваа податоци за описот на настанот, на 24.7.2024 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе ги наведе сите информации за околностите и фактите врз кои се темели претставката и дејството со кое смета дека е дискриминиран. Притоа, во однос на предметното барање за доуредување, беа извршени 2 неуспешни обиди за достава на предметното барање за доуредување, при што поднесокот беше вратен од пошта со образложение: известен – не побарал. Следствено на ова, Комисијата проследи со електронска достава на наведената емаил адреса на подносителот, при што во повратна електронска порака доби известување дека предметниот поднесок не може да биде доставен на наведената електронска адреса бидејќи истата е непостоечка, односно подносителот не навел уредни податоци во однос на неговата адреса согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи го претходно наведеното во предвид, подносителот на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок и следствено на тоа, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
17.10.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]